

# Улогата на граѓанскиот сектор како важен чинител во реформскиот процес на преговарачкото Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика

Проектот е финансиран
од Европската унија

# Улогата на граѓанскиот сектор како важен чинител во реформскиот процес на преговарачкото Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика

Проектот е финансиран од Европската унија.

# „Улогата на граѓанскиот сектор како важен чинител во реформскиот процес на преговарачкото Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика“

*Завршна публикација на проектот: „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20“*

Проектот е финансиран од Европската унија.

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Фондација за Претприемачки сервис за млади и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската унија.

Скопје, април 2019

**ПРОЕКТ:**
„Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20“
ИПА инструмент – Поддршка на граѓанското општество и медиумите 2015

**ПАРТНЕРИ:**
Фондација за Претприемачки сервис за млади
Фондација за менаџмент и индустриско истражување
Здружение за рурален развој „Јавор“ – Зрновци

**ПОДГОТОВКА:**
Фондација за Претприемачки сервис за млади

**ЛЕКТУРА:**
Дејан Василевски

**ДИЗАЈН И ПЕЧАТ:**
Дата понс

**БРОЈ НА ПРИМЕРОЦИ:**
500

# Содржина


Резиме . . . . . 5

За проектот . . . . . 8

Клучни реализирани активности и резултати . . . . . 12

1. Експертска студија и брошура за националниот контекст на Поглавје 20 . . . . . 12

2. Платформа за претпријатија и индустриска политика – Поглавје 20 . 14

3. Ресурсен центар . . . . . 15

4. Поддржани осум национални проекти за подобрување на политиките за малите и средните претпријатија . . . . . 16

5. Едукативни видеа за креирање и следење политики . . . . . 32

6. Прирачници за јакнење на капацитетите на ГО . . . . . 35

7. Експертски работилници . . . . . 37

8. Креирани документи за јавни политики . . . . . 39

9. Интернационален форум за вмрежување и трансфер на знаење . 40

Заклучок . . . . . 41

# Резиме

Процесот на пристапување кон Европската унија е процес што вклучува усвојување на воспоставеното право на Европската унија, како и подготовки за соодветна имплементација и спроведување на судските, административните, економските и другите реформи што се неопходни за земјата да ги исполни условите за приклучување кон Унијата. Наведените препораки и задолженија што земјите-кандидати за влез во ЕУ мораат да ги имплементираат се поделени во **33 поглавја** и секое од нив претставува појдовна основа за пристапните преговори, односно кореспондира со одредена област. Земјите-кандидати се обврзани да ги приспособат своите административни и институционални инфраструктури и да го усогласат своето национално законодавство со законодавството на ЕУ во овие области.

Нашата земја секоја година постигнува одреден напредок во подобрување на целокупниот деловен амбиент за малите и средните претпријатија, а сепак во периодот што следува потребно е да се обезбедат дополнителни напори и средства, како и зајакнување на капацитетите на различните чинители во процесот на повисоко ниво со цел целокупно деловно опкружување што владее во развиените земји на ЕУ.

И покрај зајакнатиот фокус за подобрување на бизнис-климата, земјата сè уште се соочува со сериозни предизвици во полето за **зголемување на конкурентноста и иновативноста** на малите и средните претпријатија. Имплементацијата на политиките за претпријатија и индустрија бара соодветен административен капацитет на национално, регионално и локално ниво. Сите чинители, **вклучувајќи ги и граѓанските организации**, потребно е да работат заедно при креирање на политиките и нивна имплементација со цел поефективно справување со предизвиците со кои се соочува националната економија: **подобрување на конкурентноста**, **зголемување на инвести-**

**циите**, **диверзификација на извозот**, **креирање услови за одржлив економски развој** и **интеграција кон ЕУ**, како и зајакнување на правната и институционалната рамка.

Граѓанските организации ја препознаа потребата за подобро разбирање и поефективно вклучување во процесите на креирање политики, но овие процеси се комплексни, а граѓанските организации се често финансиски несигурни, немаат соодветни капацитети и не се доволно вмрежени за да дејствуваат ефективно.

Како одговор на потребата за поактивно вклучување на граѓанскиот сектор, неколку граѓански организации ја креираа идејата за вмрежување во **единствена платформа** што ќе дејствува како едно тело, најпрвин на национално ниво, а потоа и со потенцијал да прерасне во регионална платформа на граѓански организации и актери кои дејствуваат во областа на преговарачкото Поглавје 20. Единствена платформа што ќе ги застапува **потребите на граѓанскиот сектор и компаниите** во процесот на креирање на унапредени политики, како и креирање услови и отворање на нови можности за соработка помеѓу сите чинители кои дејствуваат во реформското Поглавје 20. На тој начин се креираше **првата Платформа за поддршка на претпријатија и индустриската политика – Платформа Поглавје 20**. Оваа платформа ги претставува и ги застапува граѓанските организации што дејствуваат во полето на Поглавје 20, како и компаниите, стартапите и младите претприемачи, чиишто потреби вообичаено не се земаат предвид за време на креирање на политиките и мерките за претпријатија.

Преку активностите на платформата специфично се адресирани потребите за зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор во поглед на подобра координација и зајакнување на свеста во врска со реформските процеси за Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика.

Што значат точно граѓанските организации и оваа платформа за реформскиот процес? Премостување на разликите и надополнување на врската што недостигаше со цел засилена комуникација, овозможен дијалог и соработка помеѓу институциите, креаторите на политики, но и другите чинители кои имаат влијание во ова поглавје.

Платформата Поглавје 20 преку своите активности успешно креираше **иновативни решенија и алатки**, заеднички пристап и решавање на предизвиците како недостатокот од координација и комуникација помеѓу чинителите. Платформата Поглавје 20 овозможи простор и механизми за соработка, вмрежување, едукација и размена на искуства и знаења помеѓу клучните чинители. Во изминатиот период платформата креираше **ресурсен центар –** www.poglavje20eu.org, што денес претставува дигитална библиотека на ресурси, стратешки документи, документи за политики, едукативни видеа, наменски прирачници за креирање и следење политики, вебинари, обуки, презентации итн. Дополнително, платформата креираше специфична **програма за градење капацитети** преку вкупно шест работилници, што вклучуваа клучни тематики во областа на преговарачкото поглавје, како и иновативни тематики што се дел од актуелните европските стратегии и планови – како паметна специјализација (smart specialisation) и циркуларна економија.

Платформата повеќепати беше препознаена и од институциите како **значаен актер во реформскиот процес**, креираше простор за дијалог и овозможи доверба и развој на граѓанскиот сектор да го докаже својот капацитет и својата улога. Платформата со својот капацитет, своето знаење и со механизмите успешно влијае на процесот на креирање на политиките, влијае врз мислењата и одлуките на креаторите на политики, преку јасно направени анализи, истражувања и креирани документи за јавни политики што даваат конкретни препораки за унапредување на јавните политики за претпријатија.

# За проектот

Главната цел на проектот „Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20“, финансиран од Европската унија, е активно вклучување во реформскиот процес на Поглавје 20 преку структурирани напори од страна на мрежата на граѓански организации „YES Network“. Главни целни групи на проектот се националните и локалните граѓански организации, што дејствуваат во областите на Поглавјето 20.

Со имплементација на активностите, проектот цели да постигне координација помеѓу граѓанските организации во реформскиот процес за Поглавје 20, да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за креирање политики, вмрежување и следење на политиките за Поглавје 20 на национално и на локално ниво, да се подобрат координацијата и трансферот на знаење помеѓу граѓанските организации и преостанатите релевантни чинители и да се подигне свеста за значењето на Поглавје 20 за целокупниот напредок на земјата кон ЕУ. Преку проектот беше спроведена и финансиска поддршка преку грантови за осум граѓански организации.

Проектните активности придонесоа за основање на платформата Поглавје 20 и креирање на ресурсен центар што овозможува следење и евалуација на имплементацијата на реформите во Поглавјето 20 – Претпријатија и индустриска политика. Проектни активности и обуки дополнително беа насочени кон зголемување на капацитетите на граѓанските организации за креирање и следење политики и вмрежување. Креираните документи за јавни политики, експертските обуки и интернационалниот форум за најдобри практики беа дел од активностите за унапредување на политиките за малите и средните претпријатија. Во имплементацијата на проектот беа покриени разновидни активности за дисеминација што овозможија зголемување на свеста за важноста на Поглавје 20 во процесот на пристапување кон ЕУ.

# Лична карта на проектот

**Имплементатори:**
Фондација за претприемачки сервис за млади, Фондација за менаџмент и индустриско истражување и Здружение за рурален развој „Јавор“.

**Времетраење:**
Од мај 2017 до мај 2019 година.

**Истражување:**
Анализа и мапирање на чинители, истражување на потребите на граѓанскиот сектор од областа на реформското поглавје и експертска анализа на националниот контекст на Поглавје 20.

**Градење капацитети:**
Развиена специфична тренинг-програма според потребите на граѓанските организации. Реализирани шест еднодневни обуки од страна на три странски и пет домашни експерти, меѓу кои дел и за актуелните политики на ЕУ за паметна специјализација (smart specialisation) и циркуларна економија. Креиран ресурсен центар, едукативни видеа, прирачници и вебинари.

**Финансирани проекти:**
Поддржани осум проекти, реализирани од осум граѓански организации.

**Настани за дискусија и вмрежување:**
Три експертски работилници на избрани теми од Поглавје 20, во врска со состојбите и предизвиците во Поглавје 20, пристапот до финансии и поддршка и стимулирање на иновации кај МСП. Прв Интернационален форум за вмрежување, трансфер на знаење и споделување на најдобрите практики.

**Документи за јавни политики:**

Креирани 11 кратки документи (policy briefs) за јавни политики базирани на истражувања, анализи и експертски средби.

**Активни инструменти за одржливост:**

Платформа Поглавје 20 во која членуваат граѓански организации и комори, ресурсен центар за Поглавје 20 – www.poglavje20eu.org, едукативни видеа за креирање и следење политики, прирачници за јакнење на капацитетите на граѓанските организации.

## Специфични цели на проектот

- Воспоставување координација помеѓу граѓанските организации во реформскиот процес за Поглавје 20;
- Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање политики, вмрежување и мониторирање на политиките за Поглавје 20 на национално и на локално ниво;
- Подобрување на координацијата и трансферот на знаење помеѓу граѓанските организации и преостанатите релевантни чинители на национално и на локално ниво;
- Подигнување на свеста за значењето на Поглавје 20 за целокупниот напредок на земјата кон ЕУ.

# Клучни реализирани активности и резултати

## 1. Експертска студија и брошура за националниот контекст на Поглавје 20



- **Креирано истражување за потребите на граѓанскиот сектор од областа на реформите во Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика**

Истражувањето за потребите на граѓанскиот сектор од областа на реформите во Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика беше креирано со цел подобро да се разбере моменталната состојба и условите за Поглавје 20. Истражувањето вклучуваше анализа на чинители преку мапирање и аналитички алатки, притоа овозможувајќи дефинирање на клучните чинители од јавниот и од граѓанскиот сектор на Поглавје 20, истражување на потребите на граѓанските организации со посебен акцент на нивото на запознаеност со реформското поглавје, потребни вештини и ресурси.

За спроведувањето на истражувањето беше креиран и прашалник за потребите на граѓанските организации релевантни за реформскиот процес во Поглавје 20. Прашалникот беше дистрибуиран до над 80 граѓански организации идентификувани во рамките на процесот на анализа на чинители за Поглавје 20.

Анализата на добиените одговори укажува на потреба од дејствување во следните три области:

1) креирање проекти за: анализа на политиките и застапување за нивна промена; нудење на директни услуги на деловната заедница; градење на капацитетите во граѓанскиот и приватниот сектор и државните институции;
2) информирање на јавноста за (не)ефективноста и (не)ефикасноста на политиките и инструментите;
3) креирање мрежи и коалиции и здружување на малите ресурси на граѓанскиот и приватниот сектор и државните институции за заеднички акции.

- **Креирана брошура за националниот контекст на Поглавје 20**




Со спроведување на експертска анализа на реформско поглавје, со цел обезбедување на адекватно вклучување на граѓанските организации во реформските процеси, обезбеден беше длабински приказ на структурата, приоритетните области и политиките релевантни за Поглавје 20.

Пронајдоците од анализата беа претставени во информативна брошура за поглавјето, што беше издадена на македонски и на англиски јазик.

Оваа брошура ги содржи информациите поврзани за формирањето и членството во ЕУ, преговорите со ЕУ опишани во осум точки, како и што е тоа за што се преговара, за земјата и Европската унија, опишани Поглавјата – 33 чекори кон ЕУ, целосен опис на Поглавјето 20 – Претпријатија и индустриска политика, институционалната рамка и неговите приоритети.

## 2. Платформа за претпријатија и индустриска политика – Поглавје 20

Во март 2018 година се формираше првата национална Платформа за претпријатија и индустриска политика „Поглавје 20“. Платформата е составена од 50 членки, активни актери од граѓанскиот сектор, креатори на политики и релевантни институции што дејствуваат во областите на преговарачкото Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика и има цел активно да се вклучи во реформскиот процес како важен чинител во јавно-приватниот дијалог.

Платформата цели активно и координирано да придонесе во следење и во реализација на клучните реформски приоритети, преку имплементирање активности и спроведување анализи со препораки за подобрување на конкурентноста и иновативноста на МСП, подобрување на дијалогот со бизнис-заедницата, подобрување на деловната клима за креирање на нови бизниси и обезбедување на подобар пристап до финансии.

Оваа платформата придонесува кон активно вклучување во реформскиот процес на Поглавје 20 преку многубројни активности на своите членки, креираше и сопствен ресурсен центар со материјали релевантни за следењето на реформските приоритети на Поглавје 20, со јавно достапни ресурси, преку кои се поддржува трансферот на знаење и координација помеѓу граѓанските организации и другите релевантни чинители на национално ниво. Таа активно работи на јакнење на капацитетите на граѓанските организации за креирање и следење политики, организира обуки, вебинари, експертски средби, форуми за споделување на добри практики, истражувања и други активности.

## 3. Ресурсен центар

Платформата Поглавје 20, во состав на своите активности, го креираше првиот ресурсен центар – www.poglavje20eu.org, предвиден како виртуелен простор за споделување и трансфер на знаење помеѓу клучните чинители, кои со своите активности дејствуваат во реформскиот процес на Поглавјето 20.




Ресурсниот центар вклучува дигитална библиотека со релевантни стратешки документи, извештаи и анализи, документи за политики, материјали за градење капацитети на граѓанските организации, алатки и водичи за креирање политики, едукативни видеа, вебинари, информации за членките на платформата Поглавје 20, како и информации за настани и новости.

## 4. Поддржани осум национални проекти за подобрување на политиките за малите и средните претпријатија

Преку проектот беше спроведена и финансиска поддршка за грантови за граѓанските организации со вкупен фонд од 60.000 евра, што поддржа со активности вкупно осум проекти.

Преку грантова шема беа реализирани осум национални проекти со цел да се обезбеди поддршка на активностите на граѓанските организации вклучени во различни аспекти од Поглавје 20: унапредување на деловен амбиент, поддршка на МСП и иновации, пристап до финансии, секторски политики и слично.



Преку имплементација на грантовата шема, целта беше да се придонесе кон зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање и следење политики и за поддршка на реформите во Поглавје 20, како и промовирање на нови пристапи, механизми и инструменти од областа на претприемништвото и индустријата на локално и на национално ниво, како и да се придонесе кон зголемувањето на свеста за важноста на Поглавје 20 во процесот на пристапување кон ЕУ. Проектите беа реализирани во периодот од февруари до септември 2018 година.

Граѓанските организации што ги имплементираа националните проекти, спроведоа проектни активности согласно избраните приоритети, од вкупно шест што беа дефинирани во повикот:

| | |
|---|---|
| **а) Принципи на претпријатија и индустриска политика** | Приоритет 1: Подобрување на деловната клима за креирање на нови бизниси |
| | Приоритет 2: Подобрување на дијалогот со бизнис-заедницата |
| **б) Инструменти на претпријатија и индустриска политика** | Приоритет 3: Подобрување на конкурентноста и иновативноста на МСП |
| | Приоритет 4: Обезбедување на подобар пристап на МСП до финансиски услуги |
| **в) Секторски политики** | Приоритет 5: Анализа на специфични сектори |
| | Приоритет 6: Унапредување на капацитетите за креирање, имплементација и следење на програмите за туризам |

### Успешно реализирани проекти и клучни наоди

| | |
|---|---|
| **Име на проект 1** | Стратешкиот развој на руралниот туризам – основа за комплементарно поврзување и надополнување на индустриската политика и одржливиот развој на Р. Македонија |
| **Приоритет 6** | Унапредување на капацитетите за креирање, имплементација и следење на програмите за туризам |
| **Проект во имплементација на** | Руралната коалиција – Куманово |

Проектот се имплементираше во осум плански региони: Куманово, Гостивар, Прилеп, Струга, Струмица, Росоман, Арачиново, Карбинци. Општата цел на проектот беше придонес кон стратешкиот развој на руралниот туризам како секторска политика во рамките на индустриската политика. Главни активности што беа реализирани беа: Десктоп-истражување на мерките, активностите што произлегуваат од Националната стратегија за рурален туризам; теренско истражување на перцепциите и ставовите кај сопствениците на капацитети во руралните средини што го практикуваат руралниот туризам, спроведување на пет тркалезни маси во различни плански региони со сите чинители во секторот туризам; сумирање на ставовите од тркалезните маси во конкретни препораки доставени до Министерството за економија, но и до другите институции вклучени во секторот и креирање мониторинг-извештај; прибирање податоци за капацитети во рурални средини со понуди и контакти заради креирање веб-сајт.

Преку поврзување на сите чинители во секторот туризам се изработија низа препораки за поддршка на развојот на руралниот туризам за следниот петгодишен период што вклучуваат:

- Да се измени и да се олесни законската регулатива што го регулира руралниот туризам како гранка;
- Да се создаде поттикнувачка и овозможувачка средина за развој и промоција на руралниот туризам, следејќи ги трендовите од околните земји;

- Да се овозможи финансиската поддршка и соработката со институциите особено со Министерството за економија и со Министерството за земјоделство да се развијат на повисоко ниво;
- Да се олесни даночната регулатива;
- Да се подобри руралната инфраструктура;
- Да се воспостави институционална соработка со Центрите за развој на планските региони;
- Да се воспостави посебна категоризација за угостителски објекти во руралните средини.

Во рамките на проектот се креираше првиот веб-сајт на локалитети што нудат и развиваат рурален туризам, кој овозможува нивно меѓусебно поврзување заради размена на искуства и знаења – www.rural.mk.

| | |
|---|---|
| **Име на проект 2** | Креирање на поволен деловен амбиент и обезбедување на подобра системска поддршка на претпријатија во сопственост на жени |
| **Приоритет 2** | Подобрување на дијалогот со бизнис-заедницата |
| **Проект во имплементација на** | Здружението на бизнис-жени Скопје |

Проектот имаше цел да го подобри деловниот амбиент и да ја подобри системска поддршка за развој на женското претприемништво во земјата.

Резултатите од спроведените проектни активности покажуваат дека главните проблеми со кои се соочуваат жените се предрасуди и родови стереотипи дека бизнисот е машка работа, дека немаат доволно информации од институциите и организациите, за поддршката што ја нудат за женско претприемништво, постоењето на сива економија и огромниот број лица кои работат „на црно“, како и тоа дека жените-претприемачки поседуваат многу малку или воопшто не поседуваат имот на свое име и тоа им претставува пречка за пристап до финансии – кредити и заеми за развој на својот бизнис. Од друга страна, во однос на центрите за вработување во сите пет општини, се заклучи дека Центарот за вработување функционира на добро ниво и дека им овозможува на жените обуки за странски јазици, компјутери, претприемништво и подготовка на бизнис-планови. Исто така, генерално постои и воспоставена соработка помеѓу општината, центрите за вработување и центрите за социјална работа.

Дел од препораките за креаторите на јавни политики развиени во рамките на проектот се следни:

- Да се изготви ажурирана база на податоци на жени-претприемачки за да можат жените да бидат информирани за сите активности поврзани со женско претприемништво;
- Да се обезбеди квалитетен пристап до информации за почнувањето и водењето на бизнисот;

- Да се воспостави координација и соработка со сите засегнати чинители и граѓанските организации;
- Да се олесни пристапот до финансии, со користење на алтернативни облици на финансирање;
- Да се поттикнуваат жените-претприемачки кон иновации и иновативно работење;
- Да се нагласи важноста од вмрежување.

| | |
|---|---|
| **Име на проект 3** | Преку процена на влијанието на регулативата на занаетчиската дејност до подобрување на деловната клима во Македонија |
| **Приоритет 1** | Подобрување на деловната клима за креирање на нови бизниси во Македонија |
| **Проект во имплементација на** | Здружението Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ |

Проектот имаше цел да ја подобри деловната кима за креирање на нови бизниси во земјата во областа на занаетчиството преку анализа на влијанието на регулативата во оваа сфера.

Во рамките на овој проект, ИСИЕ спроведе истражување во врска со ефектите на Законот за занаетчиство. Преку спроведеното истражување се утврди дека занаетчиството е бизнис од кој може да живее целото семејство и дека со поттикнување на занаетчиството може да се реши проблемот со невработеноста. Се констатираше дека постои слаба информираност на занаетчиите за законските регулативи и дека е потребен регистар на занаетчии со цел да се утврди точната бројка на занаетчии.

Дел од препораките за креаторите на јавните политики се:

- Потребно е да се донесат сите подзаконски акти предвидени со Законот за занаетчиство.
- Да се преземат решителни мерки за имплементација на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, со цел да се намали нелојалната конкуренција.
- Потребно е да се разгледа и да се оцени прагот за ДДВ-обврзници согласно Законот за данок на додадена вредност и да се приспособи на компаративните искуства од регионот.
- Да се реформира средното стручно образование со цел практичната настава да биде вклучена во многу поголем обем од сегашниот.
- Да се воведе електронски регистар на занаетчии со цел добивање на вистинска слика за состојбите во оваа дејност.

- Да се промовираат предностите на членство во коморите и поттикнување на нерегистрираните занаетчии да се приклучат кон коморското организирање.

| | |
|---|---|
| **Име на проект 4** | Идентификување на развојните можности за структурни промени и извозна диверзификација преку активни индустриски политики – студија на случај: машински и металопреработувачки сектор |
| **Приоритет 5** | Анализа на специфични сектори |
| **Проект во имплементација на** | Здружението Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење |

Целна група во овој проект беа компании во рамките на машинскиот и металопреработувачкиот сектор на ниво на територија на цела Македонија, кои имаат капацитет да почнат производство и извоз на нови производи, како и институции задолжени за креирање на економски и индустриски политики во насока на поттикнување на процесот на структурни индустриски промени.

Целта на проектот беше поттикнување на структурни промени и извозна диверзификација на компаниите од машинскиот и металопреработувачкиот сектор и дефинирање предлог-политики согласно преговарачкото Поглавје 20.

Проектот ја оствари својата цел преку остварен преглед на најдобрите искуства за структурни промени во насока на зголемување на извозните перформанси на избраните сектори, а исто така и преку преглед на ограничувањата и потенцијалот за извоз во машинскиот и металопреработувачкиот сектор.

Успешно се идентификуваа развојни можности за извозна диверзификација, а воедно се дефинираа и предлог-мерки и индустриски политики за зголемување на извозот во анализираните индустриски сектори во согласност со Поглавје 20.

Препораките за зголемување на извозната конкурентност се следните:

- Потребни се програми за системска поддршка на извозно ориентираните МСП;

- Финансиска поддршка за трансфер на нова технологија или иницирање на истражувачко-развојни проекти, особено со универзитетите;
- Потребни се програми за обука на работна сила, особено во делот на стручното дуално образование;
- Интегрирање на компаниите во регионалните и во глобалните синџири на снабдување;
- Подобрување на патната и на логистичката инфраструктура;
- Интензивирање на соработката помеѓу бизнис-секторот, креаторите на политики и научната фела во иницирање на заеднички проекти насочени кон подобрување на секторските перформанси на преработувачката индустрија;
- Менување на менталниот состав на менаџерите за потребата од промени и преструктуирање во согласност со глобалните трендови и зголемување на нивниот капацитет за аплицирање на повиците на Фондот за иновации и технолошки развој и други донатори.

| | |
|---|---|
| **Име на проект 5** | Финансиски инструменти за малите и средните претпријатија: Анализи и нови решенија за подобрување |
| **Приоритет 4** | Обезбедување на подобар пристап на МСП до финансиски услуги |
| **Проект во имплементација на** | Здружението на граѓани Центар за европско применето право и економија ЦЕППЕ Скопје |

Проектот што имаше цел да предложи иновативни алатки за подобар пристап на МСП до финансиски услуги беше имплементиран во десет општини, обезбедувајќи диверзификација и од регионален и од етнички аспект во период од шест месеци.

Преку неговата имплементација се утврди дека пристапот до финансирање на малите и средните претпријатија (МСП) е потежок во однос на големите претпријатија. Воедно, дека најчесто користен традиционален инструмент е финансирањето преку кредит, а другите алтернативни инструменти за финансирање, како договорот за факторинг, договорот за лизинг-бизнис, како и бизнис-ангелите се поретко застапени во практиката. Во поглед на институционална поддршка на малите и средните претпријатија се утврди дека таа е преточена во стратегиски документи што треба да ги зајакнат и да ги надополнат изворите на финансирање на МСП. Генерален заклучок е дека во нив отсуствуваат реалните мерки што треба да се преземат за постигнување на реално користење на овие извори (инструменти) во практиката.

За препораките во Стратегијата за конкурентност со акционен план за периодот 2016-2020 година се заклучи дека се особено воопштени, без прецизни мерки за подобрување на состојбите во практиката.

Додека за поздравување е актот дека во новодонесената Национална стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023): Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивен економски пораст, од март 2018 година, се зборува за поедноставување

на постапките за основање и работење на финансиските институции, што нудат алтернативни финансиски инструменти (факторинг, лизинг, еквити фондови итн.).

| | |
|---|---|
| **Име на проект 6** | Деск за иновативни финансиски пакети на ЕУ за подобра искористеност на европските фондови (EU Desk – FINA4MA) |
| **Приоритет 4** | Обезбедување на подобар пристап на МСП до финансиски услуги |
| **Проект во имплементација на** | Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија – Скопје |

Целта на проектот беше да се создаде подобрено бизнис-опкружување и олеснување на пристапот до финансии преку воведување на нови финансиски инструменти за поддршка на малите и средните претпријатија за успешно користење на средствата од програмите на ЕУ наменети за развој на МСП.

Во рамките на проектот се развија конкретни препораки за унапредување на пристапот до финансии за МСП и дел од нив се однесуваат до Владата на РМ, каде што се иницира креирање на Национална програма за поддршка на бизнис-секторот, како во процесот на конкурирање за средства од програмите на ЕУ, така и во процесот на имплементација на одобрени проекти.

Препораките до Македонската банка за поддршка на развојот се однесуваат за понуда на производи за поттикнување на користењето на ЕУ-фондовите од страна на МСП, а пак препораките до комерцијалните банки се однесуваат за активно вклучување во процесите на поддршка на бизнис-секторот во насока на поголема апсорпцијата на средства од ЕУ-фондовите преку директно вклучување во предфинансирање и кофинансирање на одобрени проекти.

Во рамките на проектот развиени се препораки и за тоа кои институции и организации од македонскиот финансиски систем треба да им помогнат на банките за да се вклучат за успешна апсорпција на средствата од ЕУ-фондовите и на кој начин.

| | |
|---|---|
| **Име на проект 7** | Усвојување на добри практики за примена на директивата за задоцнети плаќања |
| **Приоритет 3** | Подобрување на конкурентноста и иновативноста на МСП |
| **Проект во имплементација на** | Здружението на инкубатори за деловно-консулански услуги – Бизнис-инкубатор – Гевгелија |

Општа цел на проектот беше да се подобри законската рамка за исполнување на договорите во земјата, односно да се откријат слабостите во примена на Законот за финансиска дисциплина, да се постигне целосна усогласеност на македонскиот закон со директивите на ЕУ и да се даде предлог препорака за измени во законската и институционалната рамка за подобрување на наплатата по извршените договори во приватниот и во јавниот сектор.

Преку спроведена анализа на Законот за финансиска дисциплина во однос на Директивата 2011/7/ЕУ, преку анализата на проблемите со кои се соочуваат компаниите при примена на законот и преку изработка на нацрт-студија за примена на законот и препораки за подобрување проектот успешно ја реализираше својата цел.

Дел од препораките до креаторите на политики се:

- Подолг рок за исполнување на паричните обврски што може да послужи како доброволно кредитирање на должникот од страна на доверителот.
- Зајакнување на значењето на профактурата, т.е. фактурирањето да се одложи сè до исплатата од страна на економскиот оператор-должник по основа на издадената профактура и извршената услуга/испорака.
- Изготвување амандмани или изготвување на нов закон за прецизно дефинирање на надлежноста за негова имплементација од страна на надлежна институција.
- Ширење информации преку Министерство за економија за механизмите за негова примена.

- Измена на Законот за извршни постапки со кој се дозволува извршната исправа на нотарот да биде доволна законска основа за наплата не само за економските оператори од приватниот сектор туку и за државата како главен чинител и носител на економските активности.
- Измена и дополнување на Законот за облигациони односи во врска со постапката за репроцесија – особено во делот за наплата на заостанати долгови од државата.

| | |
|---|---|
| **Име на проект 8** | Партнерство за успешност на инструментите за поддршка на МСП |
| **Приоритет 3** | Подобрување на конкурентноста и иновативноста на МСП |
| **Проект во имплементација на** | Асоцијацијата на менаџмент консултанти МКА 2000 |

Целта на проектот беше зајакнување на капацитетот на граѓанските организации за следење на политиките за конкурентноста на МСП.

Во рамките на проектот се разви модел за мерење на успешноста на мерките за поддршка на МСП, а притоа се направи и пилотирање на наведениот модел во четири општини; Штип, Прилеп, Куманово и Скопје.

Во рамките на проектот се развиваа следните препораки за локалните политики:

- Потребата од вклучување на МСП и граѓанските организации во планирање и спроведување мерки за поддршка на МСП;
- Начинот на мобилизирање средства за зголемување на локалниот економски пораст и вработувањето преку поддршка на работењето на МСП, особено пристап кон фондовите на ЕУ;
- Формите на следење на успехот на локалните политики преку зголемена продажба на МСП, зголемена профитабилност, продуктивност и конкурентност;
- Можните партнерства за поголем опфат на МСП од општината во регионалните и националните програми, како и поттикнување на извозот на МСП;
- Потребата од нови услуги за МСП за подобрување на индикаторите на локалната економија.

# 5. Едукативни видеа за креирање и следење политики

Како дел од активностите на платформата Поглавје 20 креирани се шест едукативни видеозаписи, што обработуваат клучни теми поврзани со преговарачкото Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика.




Мониторинг и евалуација на политики




Дизајн на стратегија за паметна специјализација




Индустриска политика базирана на докази




Циркуларна економија: политики и практики

Видеата имаат цел да ги изградат капацитетите на организациите за креирање политики, а обработени се и нови тематики што се важни за процесот на пристапување кон ЕУ:

- Мониторинг и евалуација на политики;
- Иновациска политика и евалуација;
- Методологија за истражување политики и креирање документи за јавни политики;

- Дизајн на стратегија за паметна специјализација;
- Циркуларна економија: политики и практики;
- Индустриска политика базирана на докази.

Едукативните видеа се креирани согласно потребите на граѓанските организации за поддршка и активно вклучување во реформскиот процес на преговарачкото Поглавје 20 и тие се достапни на ресурсниот центар – www.poglavje20eu.org.

# 6. Прирачници за градење на капацитетите на граѓанските организации




Креираните прирачници се дел од сетот алатки и механизми за јакнење на капацитетите на граѓанските организации за подобрување на разбирањето на процесите за креирање политики во Поглавје 20, како и подобрување на вештините за нивна анализа, следење и евалуација. Тие се дел од дигиталната библиотека на ресурсниот центар, заедно со другите релевантни документи, обуки и видеа со цел подобрување и трансфер на знаење помеѓу клучните чинители.

### Прирачник за креирање политики во Поглавје 20

Овој прирачник се стреми да обезбеди целосна и детална рамка на процесот на креирање политики во Поглавје 20. Прирачникот ги објаснува теоретските аспекти на процесот на креирање јавни политики и нуди практични примери на успешни политики во Поглавје 20 со цел да ги илустрира практичните аспекти и примената на различните алатки и инструменти што им стојат на располагање на креаторите на политики.

### Прирачник за анализа на јавни политики, подготовка на документи за јавни политики и застапување и комуницирање на препораки за јавни политики во Поглавје 20

Прирачникот има цел да го доближи до читателите процесот на анализа на јавни политики, типовите на анализа што можат да произлезат од согледувањето или набљудувањето на дадено политичко решение или програма, како и документите во кои може да се „спакува" таа анализа. Дополнително, прирачникот нуди знаење и за тоа како да се искомуницира и да се пласира во јавноста одреден документ или наод, како и начините да се влијае врз носителите на одлуки со цел нивно убедување и уверување дека е потребно воведување на ново политичко решение или промена на постојното со цел унапредување на стандардот и благосостојбата на граѓаните.

### Прирачник за мониторинг и евалуација на политиките во Поглавје 20

Овој прирачник има задача да развие методолошка рамка за мониторинг и евалуација на јавните политики во Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика. Пристапот што ќе биде користен при поставувањето на рамката се заснова врз нејзината применливост и практичност, односно да биде корисна и соодветна алатка при мониторинг и евалуација на јавните политики, особено во Поглавјето 20, а бидејќи ќе ги има предвид универзалните принципи и во другите поглавја и области.

# 7. Експертски работилници

Платформата Поглавје 20, како дел од своите активности, реализираше серија од три експертски работилници на избрани теми од Поглавје 20:

1) Состојбите и предизвиците во Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика;
2) Пристап до финансии за малите и средните претпријатија;
3) Поддршка и стимулирање иновации кај малите и средните претпријатија.

Експертските работилници активно вклучија повеќе од 90 експерти, од кои претставници на Владата, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование, стопанските комори, кластерите, Агенцијата за поддршка на претприемништво, Фондот за иновации и технолошки развој, банките, технолошки паркови, инкубатори, иновациски центри, универзитети, хабови и претставници на други релевантни организации.





Експертските работилници креираа можност за интеракција и зајакнување на врските помеѓу релевантните засегнати страни, така што содржеа отворени дискусии со учесниците, преглед на моменталните состојби, предизвици и препораки за унапредување на политиките за претпријатијата, како и инструментите и инфраструктурата за поддршка на иновациите и пристапот до финансии. На тој начин, тие ја истакнуваат важноста од инклузивното креирање и следење на политиките поврзани со Поглавје 20, во насока за понатамошно подобрување на реформскиот процес на Поглавје 20. Целта на оваа активност беше подготовка на релевантни документи за јавни политики што ги содржат заклучоците и препораките од одржаните тематски работилници.

# 8. Креирани документи за јавни политики


Јакнење на капацитетите и механизмите за
поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20
www.poglavje20eu.org

КРАТКА АНАЛИЗА 1

КОН ПОДОБАР ПРИСТАП ДО ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ПРОЕКТ:
„ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА: АНАЛИЗИ И НОВИ РЕШЕНИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ"

ПРИСТАПОТ ДО ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ Е ЕДЕН ОД КЛУЧНИТЕ ФАКТОРИ ЗА ПОРАСТ И РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА (МСП). АНАЛИЗАТА ИДЕНТИФИКУВА НЕКОЛКУ ПРОБЛЕМАТИЧНИ ПОДРАЧЈА И ДАВА ПРЕДЛОЗИ ЗА НИВНО НАДМИНУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ ПРОПИСИ И ПРАКТИКА И СПОРЕД КОМПАРАТИВНИТЕ ПРАКТИКИ НА ДРЖАВИ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА.

Проектот е финансиран од Европската унија

ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКО ПРИМЕНЕТО ПРАВО И ЕКОНОМИЈА – ЦЕППЕ
Јуни, 2018 година

Целта на оваа активност беше да придонесе за влијанието врз процесите на реформа на политиките во Поглавје 20 преку активностите на платформата Поглавје 20. Акцентот беше ставен на подготовката и објавувањето на кратки документи за јавни политики врз база на спроведените анализи, истражувања и експертски средби. Вкупно се креираа и се испечатија 11 документи, достапни на македонски и на англиски јазик, со цел широка дисеминација до релевантните чинители за унапредување на политиките.

## 9. Интернационален форум за вмрежување и трансфер на знаење




Првиот Интернационален форум за Поглавје 20 се одржа од 18 до 19 април, во Скопје. Форумот на тема „Интеграциите во Европската унија и реформскиот процес на преговарачкото Поглавје 20: Претпријатија и индустриска политика“ имаше цел да овозможи вмрежување, како и размена на добри практики во областа на Поглавје 20. Настанот промовираше регионална соработка со цел креирање на унапредени индустриски политики и политики за малите и средните претпријатија.

Дводневниот настан вклучи повеќе од 100 учесници, експерти од земјата и регионот, меѓу кои претставници на граѓанскиот сектор, јавните институции, регионалните стопански комори, технолошки паркови, факултети и компании. Форумот промовираше регионална соработка, како и зајакнување на улогата на граѓанскиот сектор, промоција на најдобри практики и трансфер на знаење помеѓу учениците.

Во состав на настанот се реализираа панел-дискусии, презентации на најдобри практики, како и средби за вмрежување помеѓу граѓанските организации од регионот и другите чинители, со цел кревање на свеста за важноста на Поглавјето 20 за целокупниот процес на интеграцијата во ЕУ.

## Заклучок

На глобално ниво, врската помеѓу владиниот и граѓанскиот сектор станува сè позначајна за воспоставување на одржлива економија. Глобалното владеење им овозможува на недржавните чинители нови можности да влијаат врз јавните одлуки на локално и национално ниво. Граѓанскиот сектор потребно е да биде присутен во различните форми и процеси на националните политики: спроведување, следење и евалуација на политиките.

Потребно е подобро вмрежување помеѓу чинителите, креирање на јавно-приватни партнерства и мрежи. На глобално ниво, актерите кои не ги земаат предвид граѓанскиот сектор се осудени на неуспех или, пак, ќе се соочат со тешкотии во спроведување на нивните цели.

Во земјата, владините организации преку јавно-приватно партнерство соработуваат со многубројни други организации, релевантни за Поглавје 20, како што се стопанските комори, работничките организации, организации на работодавачи, деловни асоцијации, регионални бизнис-центри и инкубатори, бизнис-стартап и плански центри и другите граѓански организации за реформското подрачје.
Сите чинители, вклучително и граѓанските организации, мораат да ги интензивираат своите напори и вклученоста во креирањето и имплементацијата на политиките за претпријатија и индустрија со цел поефикасно справување со предизвиците на нашата економија – унапредување на конкурентноста, зголемување на продуктивните инвестиции, диверзификација на извозот, креирање услови за одржлив економски развој, зајакнување на бизнис-рамката, имплементацијата на правото на ЕУ.

Исполнувањето на препораките и задолженијата од Поглавјето 20 за земјата ќе значат развој на конкурентноста на МСП и индустријата, поттикнување на претприемништвото, вклучувајќи ги и женското и социјалното претприемништво, како и поддршка на иновациите. Развојот на конкурентноста и секторот на МСП претставува еден од врв-

ните приоритети на ЕУ. Во таа насока, МСП претставуваат еден вид движечка сила што го поттикнува индустрискиот пораст и економски напредок.

Граѓанските организации од Поглавје 20 ја препознаа оваа потреба за поголем ангажман во процесот на дизајн, имплементација и следење на принципите, инструментите и секторските политики на реформското поглавје и затоа беше креирана првата национална платформа Поглавје 20, што денес вклучува 50 членки, активни актери во овој реформски процес.

Во рамките на проектот беа поддржани осум национални проекти со фонд од 60.000 евра, преку кои се спроведоа специфични анализи, студии и истражувања во разни области на Поглавјето 20. Потоа, препораките беа преточени во кратки документи за политики што се поставија на ресурсниот центар. Беа креирани и специфични прирачници за граѓанските организации, како и кратки едукативни видеа, дизајнирани според нивните потреби.

Како дел од активностите на платформата, беа спроведени голем број активности, меѓу кои и специфично дизајнирана програма за градење капацитети, преку шест обуки поврзани со Поглавје 20, и тоа за индустриска политика, иновациска политика, паметна специјализација, циркуларна економија, мониторинг и евалуација, методологии за истражување и креирање документи за јавни политики. На овој начин беше подобрено разбирањето за процесот на развивање политики, инструменти, консултации, дијалог, мониторинг и евалуација, како и подобрено разбирање за важноста на граѓанскиот сектор и бизнис-секторот за нивна активна вклученост.

Дополнително, програмата предвиде и специфична обука за креирање документи за јавни политики, мониторинг и евалуација, што придонесе учесниците подобро да се информираат и да се стекнат со вештини поврзани со јавните политики, со вештини за нивно следење и начин на давање предлози и вклученост во нивно подо-

брување, што претставува основа на активностите за застапување за промени. Со зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за овие поврзани процеси, влијанието врз политиките од Поглавјето 20 треба да биде зајакнато и унапредено. Како препораки за понатамошната работа на платформата се: поголема вклученост на бизнис-секторот во процесот на развивање и имплементирање политики, дополнително градење капацитети и приспособени обуки, да се обезбеди менторска и експертска поддршка во делот на пишување документи, да се овозможи поддршка во спроведувањето на конкретен мониторинг и евалуација на јавни политики, да се обезбедат информации за можности за финансирање, односно пристап до финансии, да се обезбеди понатамошна комуникација и соработка за јавно-приватен дијалог.

Дополнително, платформата преку експертските средби што ги организираше, креираше можности за интеракција и зајакнување на врските помеѓу релевантните засегнати страни и преку отворени дискусии се даде преглед на состојбите, предизвиците и препораките за унапредување на политиките за претпријатија, како и инфраструктурата и инструментите за поддршка на иновациите и пристапот до финансии. На тој начин беше истакната важноста од инклузивно креирање и следење на политиките поврзани со Поглавје 20, во насока на подобрување на реформскиот процес на поглавјето.

Како заклучок и од првиот интернационален форум за Поглавјето 20 произлезе потреба за дополнително унапредување на улогата на граѓанскиот сектор во реформските процеси, да се продолжи со јакнење и продлабочување на регионалната соработка и вмрежување на клучните чинители во единствена регионална платформа за подобрена соработка.

Имплементација на активностите од овој проект овозможи креирање простор и атмосфера за подобрена комуникација и соработка помеѓу институциите, креаторите на политики и другите чинители во екосистемот од регионот, зајакнување на капацитетите на чинителите во поглед на креирање, имплементирање и следење на полити-

ките, формирање на ресурсен центар со цел трансфер на знаење и практики, споделување знаења, вмрежување, како и долгорочна едукација и одржливост на постигнатите резултати преку првата платформа за претпријатија и индустриска политика. Преку овој процесот беше зајакната соработката помеѓу граѓанските организации и другите чинители, со цел ефективна имплементација на препораките за реформскиот процес, одржлив општествен развој и подобрување на целокупната деловна клима.

Исклучително е важно сите чинители во процесот да ги идентификуваат придобивките од учеството во оваа национална платформа како корисници, со цел да се усогласат нивните потреби и предизвиците со кои се соочуваат и преку креирање на програмски активности стратешки да се постави работата на платформата со цел побрз и одржлив развој на земјата. Улогата на активниот граѓански сектор и директната соработка со локалните власти се клучни фактори за унапредување на политиките и подобрување на деловната клима и целокупната економска состојба на земјата.

Сето ова е неопходно за да може да се оценува тековната состојба и согласно со тоа да се приспособат моделите за соработка и интеракција помеѓу клучните чинители на реформското поглавје.

Моделите на соработка помеѓу активните чинители треба да се креираат во насока на тековно детектирање на потребите и предизвиците и креирање модел-решенија преку активностите на граѓанскиот сектор и ангажирањето на креаторите на политики. Реализирањето на тековната соработка претставува предизвик за сите чинители, но токму позитивните примери од оваа публикација, платформата и другите активности треба да понудат можни решенија за поставување на долготрајни механизми за нејзина реализација. Активната соработка помеѓу клучните чинители, граѓанските организации, креаторите на политики и компаниите треба да претставува приоритет, со цел реализација на реформските процеси, економските приоритети на земјата, меѓу кои и јакнење на граѓанскиот сектор, реализација на нивниот потенцијал и унапредување на економскиот развој во земјата.

**Проект:**

Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20

**Контакт:**

**ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКИ СЕРВИС ЗА МЛАДИ**

Ул. „16та македонска бригада", бр. 13 Б (п. фах 776), 1000 Скопје

www.yes.org.mk ║www.yes-network.org ║contact@yes.org.mk

02/3103-660

**Имплементатори:**

**Проектот е финансиран од Европската унија.**

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската унија.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Фондација за Претприемачки сервис за млади и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската унија.